Беше раководител на ННСГ за историја и раководител на постдипломските студии. Воедно беше продекан на Филозофскиот факултет во Скопје.

Беше секретар на Сојузот на друштвата на историчарите на СРМ. На двапати беше главен и одговорен уредник на списанието Историја. Всушност, смртта го затекна на таа должност.

Секогаш пристапен, присен и несебичен, Христо Меловски беше оличение на вистински универзитетски професор за бројни генерации студенти-историчари.

Беше принципиелен, енергичен и дисциплиниран. Докрај, стоички остана со своите студенти, и покрај неумоливата болест, целосно реализирајќи ја наставата.

На 14 декември минатата година, професорот Меловски успешно ја реализира својата последна улога како член на Организациониот одбор на научниот собир посветен на животот и делото на академик Љубен Лапе.

Неговото заминување претставува ненадоместлива загуба за неговите најмили, сопругата Васка и ќерката Диче, за Институтот за историја, за Филозофскиот факултет, за Универзитетот “Кирил и Методиј”, за сите оние што го познаваа и ценеа.

Неговиот драг, неодминлив лик, неговото дело, ќе живее во нашите сеќавања, во аналите на современото македонско високо образование.

Димитар ДИМЕСКИ

**Светозар Наумовски (1944-1996)**



Животот најчесто е непредвидлив. Смртта уште повеќе.

За релативно кусо време, Институтот за историја при Филозофскиот факултет во Скопје, за неполни три месеци од 1996 година загуби две свои стамени личности: професорите Христо Меловски и Светозар Наумовски.

Уште не бевме се созеле од траумата сврзана со загубата на професорот Меловски, кога нов удар на човечката судбина повторно не зави во траур.

Во предвечерјето на пролетта засекогаш не напушти нашиот драг колега, незаборавен педагог и пријател, универзитетскиот професор д-р Светозар Наумоски.

Роден е на 27 јуни 1944 година во револуционерното струшко село Таш-Маруништа. Средното образование го завршил во градот на Миладиновци, а високото (Филозофски факултет, група историја) во македонската метропола Скопје на 28 јуни 1969 година. Во 1977 година се запишал на постдипломските студии по историја на Филозофскиот факултет во Скопје. Магистрирал на 22 јуни 1981 година на тема: "Револуционерната дејност на Кузман Јосифовски-Питу". Во мај 1983 година пријавил тема за докторска дисертација, а на 8 јули 1987 година на Филозофскиот факултет во Скопје докторирал на тема: "Напредното учителство во Вардарска Македонија меѓу двете Светски војни".

По завршувањето на Факултетот, во септември 1969 година се вработил во Центарот за средно образование "Нико Нестор" во Струга. На 1 април 1987 година стапил на работа на Филозофскиот факултет во Скопје како доцент по предметот Методика на наставата по историја. Во 1993 година е унапреден во вонреден професор по посочениот предмет. Во тоа звање го затекнува смртта.

Д-р Светозар Наумовски беше еминентен педагог, методичар, сакан и ценет професор. Уште како средношколски професор се здоби со звањето "истакнат педагошки работник" од страна на Педагошкиот совет на Република Македонија.

Беше член на ДНУ-Битола, член на Претседателството на Сојузот на друштвата на историчарите на Македонија, кандидат за член на сп. Историја, како и заменик раководител на Инситутот за историја.

Учесник е на повеќе научни собири. Неговиот научен опус го красат бројни прилози од поновата македонска историја, како и од областа на методиката на наставата по историја. Воедно е и автор на бројни учебници за историја за основното и средното образование. Најрелевантни му се публикуваните книги: "Напредното учителство во вардарскиот дел на Македонија меѓу двете Светски војни" (1918-1941 година и "Методскиот прирачник за наставата по историја".

Беше пристапен, присен и несебичен. Секогаш отворен за својата околина, принципиелен и енергичен. Како таков беше мошне омилен кај колегите и студентите.

Неговото физичко заминување претставува ненадоместлива загуба за неговите најмили, неговата мајка, сопруга, неговите деца, за Институтот за историја, за Филозофскиот факултет, за Универзитетот "Св. Кирил и Методиј", за сите оние што го познаваа и респектираа.

Неговиот мил лик, неговото дело, ќе живее во нас, во нашите сеќавања, во аналите на современото македонско средно и високо школство.

Димитар ДИМЕСКИ